**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-167
13.04. **2021 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 и член 13 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 64 став 1 од истиот Закон, точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1194/1 од 24.03.2021 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради употреба на јазикот спротивно на член 64 од истиот Закон, од страна на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 10-та седница одржана на 12.04.2021 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-1589/4 од 12.04.2021 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а казнива по член 147 став 1 точка 14 и став 2 од истиот Закон, на начин што на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, на 3-ти март 2021 година, првиот дел од епизодата од играната серија „Вистини и лаги" (премиера), во периодот од 21:08:26 до 21:28:50 часот беше емитуван изворно на српски јазик без да биде обезбеден превод на македонски јазик.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов, период на емитување (почеток и крај) и опис во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-1194/1 од 24.03.2021 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 24-ти март 2021 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 3-ти март 2021 година, на државно ниво, при што констатираше прекршување на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е пропишано дека радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедницата која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница.

Со надзорот констатирано е дека на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, на 3-ти март 2021 година, првиот дел од епизодата од играната серија „Вистини и лаги“ (премиера), во периодот од 21:08:26 до 21:28:50 часот беше емитуван изворно на српски јазик без да биде обезбеден превод на македонски јазик.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов, период на емитување (почеток и крај) и опис во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-1194/1 од 24.03.2021 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје на 26.03.2021 година, испрати Допис наш Уп1 бр.03-167 од 26.03.2021 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-1194/1 од 24.03.2021 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во предвидениот рок, ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Советот на Агенцијата на 10-та седница одржана на 12.04.2021 година, го разгледа предметниот Писмен извештај при што заклучи на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 и член 13 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во врска со член 64 став 1 од истиот Закон и точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 10-та седница одржана на 12.04.2021 година согласно Заклучокот арх.бр.02-1589/4 од 12.04.2021 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје и му се наложува, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка

2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-1194/1 од 24.03.2021 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), се доставува:


Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP

| Примено / Pranuar: 24.03.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtese | Вредност Vlerë |
| 10 | 1194 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 3 март 2021 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 24 март 2021 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);
   - **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на државно ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 12 часа програма на телевизија)
   - **Член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот.)

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

   Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 3 март 2021 година, на државно ниво, **е констатирано прекршување на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница).

Со надзорот е констатирано дека на 3 март 2021 година, на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, првиот дел од епизодата од играната серија „Вистини и лаги“ се емитува изворно на српски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик.

| **Наслов** | **Период на емитување** | | **Опис** |
|---|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** | |
| **"Вистини и лаги"- премиера** | 21:08:26 | 21:28:50 | Првиот дел од епизодата од играната серија „Вистини и лаги“ се емитува изворно на српски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик. |

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, на 3 март 2021 година, првиот дел од епизодата од играната серија „Вистини и лаги“ беше емитувана изворно на српски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик.

## 9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје и во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*